ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА
# ГРАДЕЊЕ,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јануари 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 20. 01. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojce | Вредност Vlerë |
| 08 | 358/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за градење, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ

Бојан Стојаноски

Љупчо Пренџов

Драган Ковачки

Бети Панова

Бране Петрушевски

Драгана Бојковска

Тони Ѓорѓевски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Законот за градење во членот 38 став (7) е направена техничка грешка, односно употребен е целиот назив на институцијата Централен регистар на Република Северна Македонија, наместо скратениот согласно член 15 од основниот текст на законот, па предлагаме истото да се усогласи.

Воедно се врши и допрецизирање на одредбите од Законот за градење во однос на вработените, опремата, документацијата, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам да преминат во Министерството за транспорт, со оглед дека согласно Законот за изменување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25) е избришан статусот на правно лице на Инспекторатот согласно последните измени на Законот за инспекциски надзор објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ на 27 декември 2024 година, при што истиот и понатаму останува орган во состав на Министерството за транспорт. Во оваа насока е неопходно да се изврши предложената измена на Законот за градење од причина што вработените во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам треба да се преземат спогодбено во Министерството за транспорт, а со тоа и своите права и обврски како вработени да ги остваруваат преку Министерството, а не Инспекторатот, кој го изгуби својството на правно лице, при што укажуваме дека на вработените не им е пресметана односно исплатена декемвриската плата, а во меѓувреме се појавува и потребата од пресметка за платата за месец јануари.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложениот закон е предлагање на одредба за остварување на правата и обврските на вработените во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, односно во најбрз можен рок исплата на декемвриската плата, како и правилно функционирање на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како орган во состав на Министерството за транспорт кој согласно последните измени на Законот го изгуби својството на правно лице, па оттука сите права и обврски треба да преминат во Министерството за транспорт.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот за изменување на Законот за градење не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, со оглед дека средствата се веќе предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во разделот на Министерството за транспорт.

## IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од државниот Буџет, со оглед дека истите се веќе обезбедни во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во разделот на Министерството за транспорт.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

**Член 1**

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22,111/23, 224/24, 255/24 и 3/25), во член 15 во ставот (2) зборовите: „во натамошниот текст Централниот регистар“ се заменуваат со зборовите: „во натамошниот текст: Централниот регистар“.

**Член 2**

Во член 38 во ставот (7) зборовите: „Централниот регистар на Република Северна Македонија“ се заменуваат со зборовите: „ Централниот регистар“.

**Член 3**

Вработените, опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се преземаат во Министерството за транспорт, најдоцна во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на Законот за изменување на Законот за градење содржи четири члена.

Со членот 1 се исправа техничка грешка, односно се додава интерпункцискиот знак „две точки", при воведувањето на употребата на скратениот назив на Централниот регистар на Република Северна Македонија во членот 15 од основниот текст на Законот.

Во оваа насока и со членот 2 од Предлог законот се исправа техничка грешка односно наместо целиот назив на Централниот регистар на Република Северна Македонија, се употребува скратениот назив на институцијата воведен во член 15 од основниот текст на Законот и со тоа се усогласува употребата на истиот низ целиот текст на Законот.

Член 3 претставува преодна одредба со кој се предвидува преземањето на вработените, опремата, документацијата, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам во Министерството за транспорт, како и рок за спроведување на истото, имајќи во предвид дека Државниот инспекторат продолжува да работи како орган во состав на Министерството, без својство на правно лице.

Со членот 4 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН

Предложените измени ќе овозможат целосно правно регулирање на статусот на вработените во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, како и преземање на документацијата и средствата за работа, односно побарувањата и намирувањата на обврските од страна на Министерството за транспорт.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ШТО СЕ МЕНУВААТ

**Член 15**

(1) Проектант е физичко лице кое изработува проекти за изградба на градби од членот 57 на овој закон и поседува овластување А и/или овластување Б за проектирање. Проектантот е должен проектот да го изработи согласно со стандардите и нормативите за проектирање и истиот е одговорен за усогласеноста на проектите со условите за градење.

(2) Проектантот работите на проектирање ги врши во правно лице кое е регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија (во натамошниот текст Централниот регистар) за вршење на соодветна дејност и кое поседува лиценца за проектирање.

**Член 38**

(1) Лиценците пропишани со овој закон се издаваат по поднесено барање за период од седум години и истите не можат да се пренесуваат на друго лице. Лиценците ги дава, одзема и води регистар за издадени и одземени лиценци органот надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

(2) За добивање на лиценците правните лица плаќаат соодветен надоместок. Висината на надоместокот во зависност од видот на лиценцата ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, при што истата не може да биде пониска од 200 евра во денарска противвредност ниту повисока од 3.000 евра во денарска противвредност. Средствата остварени од надоместокот се приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

(3) Лиценцата по истекот на рокот за кој е издадена може да се обнови доколку правното лице ги исполнува условите пропишани со овој закон. За обновување на лиценцата не се плаќа надоместокот од ставот (2) на овој член.

(4) Лиценца издадена согласно со одредбите од овој закон се одзема доколку се утврди дека правното лице - носител на лиценца престанало да исполнува некој од условите за издавање на лиценца, или правното лице не ја исполнило обврската за осигурување за одговорност за штета во осигурителна компанија во Република Северна Македонија согласно со членот 41-а од овој закон, или правното лице престанало да постои.

(5) Лиценца за изведувач се одзема доколку правното лице - изведувач изведува градби спротивно на одобрението за градење или без одобрение за градење,

лиценца за надзор се одзема доколку правното лице за вршење на надзор на изградба на градби изготви или завери писмен извештај за одделна фаза за градењето со констатации кои не се во согласност со изведените работи, изготви или завери завршен извештај за извршен надзор со констатации кои не се во согласност со изведените работи, изготви или завери извештај за извршен технички преглед спротивно на одредбите од членот 90 ставови (3) и (4) од овој закон, лиценца за проектирање се одзема доколку правното лице за проектирање на градби изработи односно завери проектна документација спротивно на законските прописи, а лиценца за ревизија на проектна документација се одзема доколку правното лице за ревизија на проектна документација изготви, односно завери извештај за ревизија на проектната документација спротивно на законските прописи.

(6) Во случаите од ставот (4) на овој член лиценцата се одзема по службена должност, а во случаите од ставот (5) на овој член лиценцата се одзема врз основа на предлог на градежен или овластен градежен инспектор со записник за констатирана неправилност, а за градбите од втора категорија од членот 57 од овој закон и врз основа на предлог на органот надлежен за издавање на одобрение за градење од членот 58 од овој закон, за овој вид на градби, со записник за констатирана неправилност. Лиценцата се одзема со решение на органот на државната управа надлежен за работите од областа за уредувањето на просторот од денот кога решението за одземање на лиценца станало правосилно. Против решението не може да се поднесе жалба, а е дозволена тужба пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(7) Правосилното решение за одземање на лиценца се евидентира во Регистарот за издадени и одземени лиценци. Органот надлежен за работите од областа за уредувањето на просторот правосилното решение за одземање на лиценца го доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија заради евидентирање на забраната од ставот (8) на овој член.

(8) Правно лице носител на лиценца А која е одземена поради неправилностите наведени во став (4) на овој член не може да добие лиценца А за вршење на истите работи за кои се однесува одземената лиценца во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на лиценцата, правно лице носител на лиценца Б која е одземена поради неправилностите наведени во став (4) на овој член не може да добие лиценца А и лиценца Б за вршење на истите работи за кои се однесува одземената лиценца, во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на лиценцата, а правно лице чија лиценца е одземена поради неправилностите наведени во став (5) на овој член не може да добие лиценца А и лиценца Б за вршење на истите работи за кои се однесува одземената лиценца, во рок од пет години од денот на правосилноста на решението за

одземање на лиценцата. Одговорното лице во правното лице на кое му е одземена лиценцата поради неправилности наведени во став (4) на овој член, не може да основа друго правно лице за вршење на истата дејност која ја вршело правното лице на кое му е одземена лиценцата согласно со овој закон, во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на лиценцата, а одговорното лице во правното лице на кое му е одземена лиценцата поради неправилности наведени во став (5) на овој член, не може да основа друго правно лице за вршење на истата дејност која ја вршело правното лице на кое му е одземена лиценцата согласно со овој закон, во рок од пет години од денот на правосилноста на решението за одземање на лиценцата.Правното лице чија лиценца е одземена е должно да ја врати истата на органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот, во рок од осум дена од правосилноста на решението на одземање на лиценца.

(9) Начинот и постапката за издавање, обновување, одземање на лиценците, формата и содржината на образецот на лиценците како и формата, содржината и начинот на водењето на регистарот, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(10) Врз основа на добиена лиценца за вршење на работи на изведување, проектирање, ревизија, надзор и одржување на градби од членот 57 на овој закон, правното лице може да ги врши овие работи и за градби од пониска категорија од категоријата на која припаѓаат градбите за кои е издадена лиценцата.

(11) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот.